**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство - Единство ” – с. Средно Коњари**

**Подрачје: 4 Поддршка на учениците**

***4. Поддршка на учениците***

**4.1 Севкупна грижа за учениците**
4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди
4.1.2 Превенција од насилство
4.1.3 Заштита од пушење, алкохол, дрога
4.1.4 Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
4.1.5 Грижа за ученици од социјално загрозени семејства

**4.2 Здравје**
4.2.1 Хигиена и заштита од болести
4.2.2 Грижа за ученици со здравствени проблеми

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
4.3.1 Пружање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување
4.3.2 Грижа за ученици со емоционални потешкотии

**4.4 Следење на напредокот**
4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “ Братство - Единство ” – с. Средно Коњари**

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Прегледани документи** | **Собрани информации** |
|---|---|
| Куќен ред<br>Кодекс на однесување | 4.1<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата<br>Училиштето има пропишано мерки (куќен ред) за активности и безбедност на учениците и вработените во текот на работниот ден во училишната зграда и училишниот двор. Секое одделение има истакнато Кодекс на однесување на учениците.<br>Училиштето има пишан документ (Кодекс на однесување на учениците и наставниците) во кој се дефинирани сите форми на однесување на децата и возрасните. Документот е достапен за сите вработени во училиштето, учениците и родителите (Кодекс –сите се ставени на видни места во училишната зграда) |
| Анкета | 4.1.1<br>За да се провери колку учениците се запознаени со опасностите на кои се изложени во училишната зграда направена е анкета.<br>Според направената анализа од извршената анкета заклучивме дека најголем број се запознати со опасностите од електрична енергија. |
| Предавања од педагог | 4.1.2<br>Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на децата , а на потребите и грижите за децата им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето ги координира активностите за заштита и безбедност на учениците со институциите на локалната заедница и ги запознава жртвите на насилство со нивните права и процедури за поднесување поплаки, а во случај на поплака училиштето ќе постапува навремено и непристрасно. |
| Плакати за забрана за пушење и алкохол<br>Предавања и работилници од | 4.1.3<br>Училиштето има политика за забрана на пушење, конзумирање алкохол, дистрибуција и употреба на наркотични средства кое подразбира дека во училиштето не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се конзумира алкохол, не се дистрибуираат и |

| | |
|---|---|
| **педагог**<br>**Програма за одделенски час** | **користат наркотични супстанци. Во прилог на сето ова во просториите на училиштето се истакнати плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и употреба на наркотични средства. На одделенските часови се одржани работилници за штетноста од конзумирање на цигари, алкохол и дрога.** |
| | |
| **Список на социјално загрозени ученици** | **4.1.5**<br>**Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства преку обезбедување материјални средства за нормално следење на наставата и учеството во вон-наставните активности (екскурзии, приредби, натпревари) при тоа училиштето изготвува список на социјално загрозени ученици кој се наоѓа кај педагогот на училиштето, соработува со родителите, локалната заедница и со други соодветни институции (центар за социјална работа, хуманитарни организации и друго)** |
| **Записници за хигиена од санитарна инспекција**<br>**Правила и кодекс за одржување лична хигиена**<br>**Програма за превенција од заразни болести**<br>**Плакати** | **4.2.1**<br>**Во училиштето редовно се вршат контроли на хигиената од страна на овластена санитарна инспекција. Преку записниците од соодветната служба се доаѓа до сознанија за хигиената во училиштето дека е на задоволнително ниво. Тоалетите за наставниците и за учениците се чист и дезинфицирани во секое време од денот. Ходниците и скалите се чистат најмалку три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чистат најмалку пред почетокот на секоја смена, останатиот училишен простор барем еднаш во текот на денот, а прозорците , вратите и другиот инвенатар најмалку по два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјани површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во дворот на училиштето во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во нив. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето за превенција од заразни болести има изготвено и поставено на соодветни места (во холовите и тоалетите) плакати за одржување на личната хигиена на учениците. Училиштето соработува и со здравствените установи (преку систематските прегледи и редовно вакцинирање на учениците) со цел навреме да се откријат и заштитат некои заболувања и физички деформитети на учениците.** |
| **Анкета** | **4.2.1.1**<br>**За да се провери дали е доволен или недоволен бројот на систематските прегледи,** |

| | |
|---|---|
| | **анкетирани се 36 родители . Како заклучок од извршената анкета произлегува дека родителите сметаат дека задоволува бројот на систематските прегледи како превентива во заштита на учениците од болести и појава на физички деформитети.** |
| **Потврди за подолго отсуство на ученици**<br>**Предавања за болести-педагог**<br>**Куќен ред (Кодекс за однесување, плакати, постери)** | **4.2.2**<br>**Сите податоци за бројот на извршените систематски прегледи, вакцинации и ревакцинации се наоѓаат во вид на евидентни листови кај стручната служба (педагог на училиштето). Во училиштето се води процедура за ученици кои се подолго време отсутни заради хронични заболувања или посериозни повреди. Процедурите се спроведуваат во практика за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. При тоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (на пример, здравствени установи, центар за социјална работа). Покрај овие активности за заштита на здравјето на учениците, училиштето има изготвено и и истакнато на видни места (холови и училници) плакати, постери, ученички изработки и кодекс на однесување при појава на некоја заразна болест и зависностите од цигари, алкохол и дрога.** |
| **Психолошки тестови**<br>**Предавања**<br>**Програма за одделенски час** | **4.3.1**<br>**Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. За таа цел организира сопствени активности:**<br>**- спроведува професионална ориентација со учениците од осмо одделение од страна на стручно лице(педагог)**<br>**-преку содржини од програмата на одделенскиот час**<br>**-Презентација од претставници на државни и приватни средни училишта**<br>**-Флаери, постери и друг пропаганден материјал**<br>**Во изборот на идното образование им се помага не само врз основа на горенаведените активности, туку и преку постигнатиот успех од петто до осмо оддление и од психолошки тестови и сознанија од нив. При професионаланата ориентација и советување се земаат предвид горенаведените показатели, а не предрасудите за машки и женски професии.** |
| **Разговор со наставници и стручна служба** | **4.3.2**<br>**Преку разговори од страна на одделенски раководител, наставниците, стручната служба (педагогот и психологот ) и родителите, се откриват учениците кои имаат емоционални потешкотии и се упатуваат до релевантни институции со кои училиштето редовно соработува како што се: здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и други институции.** |

| | |
|---|---|
| **Евидентни листови кај секој наставник** | **4.4.1**<br>**Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.** |
| **Извештаи за постигањата на учениците**<br>**Анализи -педагог** | **4.4.2**<br>**Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родителите и самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.** |

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “ Братство - Единство ” – с. Средно Коњари**

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Користени методи за собирање на податоци** | **Учесници во собирање на информации (Реализатори)** | **Собрани информации** |
|---|---|---|
| **Анкета за ученици** | **Мирјана Кметовска србиновска<br>Костовска Сузана<br>Сузана Бузаки** | Анкетирани се вкупно 36 ученици од кои 71 (12македонци, 12 албанци, 12 бошњаци) во централното училиште<br>Од спроведената анкета добиени се следните сознанија:<br><br>**4.1. Севкупна грижа за учениците**<br>*-Дали си запознат/а со правата на децата*<br>52% се изјасниле дека се многу добро запознаени,дека доволно се запознаени и 2% дека се недоволно запознати.<br><br>*-Ако си запознат/а со правата на децата заокружи од кои извори*<br>63% се изјасниле дека информациите ги добиваат од училиште, 20%од семејството и 17% од медиуми.<br><br>**4.1.1 Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>*-Колку си запознат/а со опасностите од електрична енергија?*<br>53, 5% одговориле дека се многу добро запознаени, 38% дека доволно се запознаени и 8,5% дека се недоволно запознати со опасностите од електрична енергија.<br><br>**4.1.3 Заштита од пушење, алкохол, дрога**<br>*-Колку си запознат/а со последиците од употреба на дрога, алкохол и цигари?*<br>80% се изјасниле дека се многу добро запознаени, 17% дека доволно се запознаени и 3% дека се недоволно запознати. |

| | | |
|---|---|---|
| | | *-Од кого добиваш информации за опасностите од употреба на дрога, алкохол и цигари?* 62% се изјасниле дека информациите ги добиваат од училиште, 92% од семејството и 28% од медиуми. |
| **Анкета за родители** | **Дритан Адили**<br>**Марина Петковска** | Анкетирани се вкупно36 родители,. По извршената анализа на анкетата дојдено е до следните сознанија:<br><br>**4.1.3 Заштита од пушење, алкохол, дрога**<br>*-Дали го информирате вашето дете со последиците од употреба на дрога, алкохол, цигари?*<br>67% одговориле дека доволно го информираат своето дете со последиците од употреба на дрога, алкохол, цигари, а 33% недоволно.<br><br>**4.2 Здравје**<br>*-Дали е доволен бројот на систематски прегледи на учениците за да се следи нивното здравје?*<br>Од вкупниот број анкетирани родители на поставеното прашање со одговор доволен одговориле 95% а со одговор недоволен одговориле 5% .<br><br>. |

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “Братство Единство „- село Средно Коњари, Петровец**

**Подрачје 4: Поддршка на учениците**

| **Резултати:** |
|---|
| • **Клучни јаки страни:**<br><br>- Училишниот простор е безбеден за изведување на наставата. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, кровот, прозорите, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставувааат потенцијана опасност од повреди на учениците.<br>- Училиштето има пишан документ (Кодекс на однесување на учениците и наставниците) во кој се дефинирани сите форми на однесување на децата и возрасните кој е почитуван во најголем дел.<br>- Секое одделение има истакнато Кодекс на однесување на учениците кој во најголем дел се почитува.<br>- Во училиштето е забрането секаков облик на насилство, а доколку не се почитува забраната, постојат санкции со соодветни казни пропишани во законот (усна опомена од класен раководител, писмена опомена, намалено поведение...).<br>- Училиштето се грижи учениците да се запознаат со "Правата и заштита на децата" и истите да се почитуваат<br>- Училиштето има политика за забрана на пушење, алкохол и дрога. Истакнати се плакати за забрана и штетност од пушење, алкохол и употреба на наркотични средства. Се држат работилници за штетноста од конзумирање на цигари, алкохол и дрога.<br>-Училиштето води грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства преку обезбедување материјални средства за нормално следење на наставата (книги, тетратки и други потребни училишни материјали, ...) и учеството во вон-наставните активности (екскурзии, приредби, натпревари)<br>- Во училиштето редовно се вршат контроли на хигиената од страна на овластена санитарна инспекција. Преку записниците од соодветната служба се доаѓа до сознанија за хигиената во училиштето дека е на задоволнително ниво.<br>-Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Училиштето соработува и со здравствените установи (преку систематските прегледи и редовно вакцинирање на учениците) со цел навреме да се откријат и заштитат некои заболувања и физички деформитети на учениците.<br>- Училиштето редовно одржува предавања (од педагогот, психологот и стручни лица) и интерактивни часови со учениците за најактуените болести на денешницата и заштита од истите,<br>-Училиштето во целост им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување(спроведува професионална ориентација со учениците од деветто одделение од страна на стручно лице(педагог), преку содржини од програмата на одделенскиот час,презентација од претставници на државни и приватни средни училишта, флаери, постери и друг пропаганден материјал), а исто така овозможува и нивно насочување според постигнатиот успех од шесто до деветто оддление и од психолошки тестови и сознанија од нив.<br>- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик. Постои ефективна |

| |
|---|
| соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, наставниците и родителите за постигањата на учениците.<br>-Во училиштето се подготвуваат редовни извештаи и анализи по паралелки кои се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар и се целосно достапни за сите други наставници, родителите и самите ученици. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес. |
| • **Слабости:**<br><br>- Наставниот кадар не е обучен за давање прва помош во случај на потреба<br>- Наставниците не се едуцирани за работа со ученици со посебни потреби<br>- Нема пишани процедури за регистрирање на појава на ученици кои консумираат дрога, алкохол и цигари и постапување при такви појави |

**Самоевалуација на училиштето: ОУ “ Братство - Единство ” – с. Средно Коњари**

**4: Поддршка на учениците**

| **Анализа на резултатите:** ***евалуација на ова подрачје*** |
|---|
| **За да се процени состојбата и активностите кои ги превзема училиштето за поддршка на учениците, беа прегледани голем број документи, беа спроведени анкети за ученици и родители, направен е увид во условите што ги пружа училиштето за задоволување на потребите на учениците.**<br><br>**За заштита и безбедност на учениците се грижат сите субјекти во училиштето (управата, стручната служба, хаусмајсторот, техничкиот персонал, дежурните наставници и самите ученици) преку одржување на хигиена, редовна дезинфекција и дератизација на училиштето, навремена поправка и санација на сите проблеми во објектот, санитарни чворови и др.**<br>**Училиштето поседува противпожарни апарати и заштита од громови.**<br>**Има редовни дежурства на наставници и ученици кои се грижат за заштита од надворешни лица.**<br>**Во училиштето редовно се вршат систематски прегледи и тоа на ученици од 2одд., 4то одд., 6то одд. и 9мо одд.**<br>**Во училиштето редовно се одржуваат предавања, се читаат реферати и сл. за грижата на здравјето од страна на стручната служба, наставниците и надворешни стручни лица. Се откриваат и развиваат интересите и афинитетите на учениците и се задоволуваат културно-естетски, социјални и емоционални потреби.**<br><br>**Училиштето, емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците ги оценува на разни начини : разговори, индивидуални средби, организирање отворени дебати со учениоците, индивидуални или групни разговри со родителите, на наставничките совети на кои се дискутира и заклучува за потребите на учениците. Училиштето ги открива учениците со физички или ментални проблеми уште при уписот во прво одделение, преку педагошки тест на предзнаења и интервју со детето и родителот.**<br>**Училиштето одржува предавања и интерактивни часови со учениците за пубертет и промените што ги предизвикува, зрелоста и сексуалните односи, правилни односи меѓу половите, сексуално преносливите болести, сида, зависност од дрога и за се она што е потребно за правилен развој и заштита на учениците.**<br><br>**Во училиштето се спроведува професионална ориентација со учениците од дветтите одделенија, која ја врши педагогот преку информирање на учениците за можностите за упис во средни училишта, потоа следи тестирање на нивните општи и специфични интелектуални способности, анкетирање на нивните желби и интереси, по што следат индивидуални и групни интервјуа со сите ученици.Во изборот им се помага не само врз основа на овие податоци, туку се информираат за сите** |

| |
|---|
| **училишта и струки кои им се достапни, за условите за упис во средно образование, се одржуваат презентации од страна на државни и проватни училишта и истите се посетуваат за да се запознаат учениците со локацијата, условите, опременоста и наставниот кадар на училиштето. При професионална ориентација се земаат предвид горенаведените активности а не предрасудите за машки и женски професии.**<br><br>**Училиштето редовно води евиденција за напредокот, присутноста и редовноста, поведението и дисциплината на учениците. Оваа евиденција секојдневно ја водат наставниците, но и стручната служба и управата. Имено доказ се дневниците кои се редовно пополнети со податоци за оценување на ученците, отсутни ученици, забелешки за поведението, податоци за реализирани слободни активности, додатни, дополнителни часови и др., како и евидентни листови кои ги води секој наставник.**<br><br>**Исто така се евидентираат и екскурзии, посети, набљудувања, учество на натпревари, организирање на вонаставни активности и др. Други показатели за успехот на учениците и нивниот развој се полугодишните и годишните тестирања, анализа на успехот и поведението на секои 3 месеци, годишни извештаи, споредбени анализи на ниво на учлипте, успехот постигнат на натпревари вон училиште и т.н. Ваквата евиденција им е достапна на сите наставници, родители и ученици, на тој начин што истата се презентира на Наставнички совет, на индивидуални и групни родителски средби, Совет на родители и Училишен одбор на секое тромесечие, полугодие и крај на учебна година. Евиденцијата се води јаво и се користи за да се подобри наставата, работата на советодавните служби за професионална ориентација. Секое тестирање има психолошки ефекти за стимулација за постигнување повисоки резултати. Анализите и резултатите на успехот и поведението на учениците се користат за да се изнајдат мерки за мотивирање и подобрување на успехот на учениците, надминување на постоечки проблеми и девијации во однесувањето. Резултатите од анализите на успехот и поведението на учениците и целокупната евиденција која се води од страна на наставниците и стручната служба се користи при насочување на учениците за упис во најсоодветното училиште според неговите постугања и интереси за одредено подрачје.** |
| **Идни активности:**<br><br>**Семинар на наставниците за нивна доедукација со цел откривање, советување и помош на учениците кои покажуваат асоцијално поведение и имаат одредени проблеми со својот социјален или емотивен развој.**<br>**Обезбедување на средства за помош на ученците од социјално загрозени семејства**<br>**Подобрување на условите за работа, за подобра заштита и грижа за учениците, преку подобрување на инвенатарот, прозорците, осветлувањето.** |